**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-3238/1
Скопје, 18 април 2020 година

ДО КАБИНЕТОТ НА ЗАМЕНИКОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА И ЗА КООРДИНАЦИЈА СО ЕКОНОМСКИТЕ РЕСОРИ

**СКОПЈЕ**

**ИЗВАДОК**
**од Нацрт – записникот од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 април 2020 година**

**„ТОЧКА :7** Информација за исплата на пензии за април 2020 година

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за исплата на пензии за април 2020 година, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 23.04.2020 година.

2. Се препорачува на деловните банки од петок 24.04.2020 година да обезбедат пензионерите со априлските пензии да може да располагаат преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- Во понеделник, на 27.04.2020 година исплата на пензии со висина до 11.000 денари;
- Во вторник, на 28.04.2020 година исплата на пензии во висина од 11.001 денари до 14.000 денари;
- Во среда, на 29.04.2020 година исплата на пензии во висина од 14.001 денари до 18.000 денари;


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

- Во четврток, на 30.04.2020 година исплата на пензии во висина над 18.000 денари.“

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО**
**-Министерството за финансии,**
**- Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија,**
**- Македонска Банкарска Асоцијација**

Подготвил: Стефан Куковски
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска